**ПРЕДЛАГАЧ: ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**ИЗГОТВУВАЧ: СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**
**за утврдување на благајнички максимум за 2022 година**

**Скопје, декември 2021 година**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 20, став 1 и став 2 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07; 22/08; 159/08; 133/09; 145/10; 35/11; 11/12; 59/12; 166/12; 170/13; 153/15; 199/15,193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“бр.31/20) Советот на Општина Карпош на _______________седница, одржана на _____________________ година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на благајнички максимум за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува благанички максимум за 2022 во износ од 200.000,00 денари.

**Член 2**

Готовите пари во благајната примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден од наплатата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07; 22/08; 159/08; 133/09; 145/10; 35/11; 11/12; 59/12; 166/12; 170/13; 153/15; 199/15 и 193/17)

**Член 20**

**(1) Учесникот во платниот промет може за плаќање во готово да подига од сметките и да држи во својата благајна пари во готово во висина на благајничкиот максимум.**

**(2) Висината на благајничкиот максимум ја утврдува учесникот во платниот промет со посебен акт.**

(3) Учесникот во платниот промет - правно лице е должен сите парични средства од дневниот пазар примени во готово по која и да било основа да ги уплати најдоцна наредниот работен ден на својата трансакциска сметка.

(4) Плаќањето на производи и услуги во готово од страна на правни лица не може поединечно да биде повеќе од 6.000 денари.